Врз основа на член 130 и член 136, став 2 од КД за вработените од земјоделство и прехранбена индустрија, а во врска со член 277, став 2 од ЗРО (Службен весник бр 16/10), Закон за изменување и дополнување за Законот за работни односи (Службен весник бр 124/10), ОКД за приватниот сектор од областа на стопанството на Р. М. (Службен весник бр 60/10 и 84/10), Синдикатот на работниците од Агроиндустрискиот комплекс на Р. М. и Здружението за земјоделство и прехранбена индустрија на Организација на работодавачи на Македонија, склучуваат/донесуваат

# СПОГОДБА

за усогласување на КД за вработените
од земјоделство и прехранбена индустрија

**Член 1**

Во член 1 зборовите "стопанство" се заменуваат со зборовите "приватниот сектор од областа на стопанството".

**Член 2**

Во член 2 зборот "дејност" се заменува со зборовите "гранка, односно оддел".

**Член 3**

Во член 4, став 1 зборовите "во висина од 5 плати" се заменуваат со зборовите "согласно Законот за облигационите односи".

Ставка 2 од член 3 се брише.

**Член 4**

Под членот 6 од колективниот договор за вработените од земјоделство и прехранбена индустрија се додава нов член 6а и нов наслов кој гласи:

**Измена на договор за вработување**

**Член 6а**

На предлог на работодавачот или на работникот може да се измени договорот за вработување со склучување на анекс договор за вработување.

Измените на договорот за вработување можат да бидат извршени ако и двете страни се договорат за истото.

**Член 5**

По членот 12 се додава нов член 12а кој гласи:

Член 12а

Работодавачот е должен да ги информира работниците на определено време за слободните работни места преку објава на огласна табла, за да можат и овие работници да ја имаат истата можност за добивање на вработување на неопределено време.

**Член 6**

Во членот 17 по зборот "договор" се брише зборот "стопанство" и се заменуваат со зборовите "приватниот сектор од областа на стопанството".

**Член 7**

Во членот 28 став 1 по зборот "договор" се брише зборот "стопанство" и се заменуваат со зборовите "приватниот сектор од обласа на стопанството".

**Член 8**

По членот 46 се додава нов член 46а кој гласи:

Член 46а

При пренесувањето на трговско друштво или делови на трговско друштво, само по себе не дава основ за отпуштање на работници, освен отпуштањето од економски, технолошки или организациони причини, коишто налагаат кадровски промени, а отпуштањето ќе се врши согласно условите и критериумите утврдени во колективниот договор за вработените од земјоделството и прехранбената индустрија.

**Член 9**

Во членот 49, став 1 зборот "дејност" се заменува со зборовите "гранка, односно оддел".

**Член 10**

По членот 72 се додава нов член 72а кој гласи:

Член 72а

Работодавачот може да му исплати на работникот 13та плата, доколку работодавачот има можност да ја исплати.

**Член 11**

По членот 119 се додава нов член 119а кој гласи:

119а

Во случај на пренесување или превземање на работодавачот од друго трговско друштво или негов дел од гранката, синдикалната организација продолжува во целост да функционира

**Член 12**

По членот 128 се додава нов член 128а кој гласи:

Член 128а

По завршувањето на породилното/родителеското отсуство, работникот се враќа на истото работно место на кое претходно работел, освен ако истото не е укинато.

**Член 13**

Во член 136 се додава нов став 3 кој гласи: Ако во овој рок не се склучи спогодба за продолжување, овој колективен договор продолжува да важи за период од 2 години.

**Член 14**

Колективните договори на ниво на работодавач да се усогласат со овој Колективен договор во рок од 60 дена од неговото објавување во Службен весник на Р.М.

**Член 15**

Овие усогласувања на КД за вработените од земјоделство и прехранбена индустрија стапуваат во сила со денот на склучувањето, а ќе се применуваат од денот на нивното објавување во Службен весник на Р. М.

23.11.2010

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ**
**Здружение за земјоделство и прехранбена индустрија**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Томислав Давков**

**СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД АГРОИНДУСТРИСКИОТ КОМПЛЕКС НА Р. МАКЕДОНИЈА “АГРО-СИНДИКАТ”**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Живко Даневски**